**СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТА**

**10-ти април, 2009 година**

Институтот за економски стратегии и меѓународни односи ОХРИД ја има честа да објави дека 8-то предавање на Меѓународната образовна програма, на Универзитетот Американ Колеџ го одржа професорот Роман Јох од Чешка. Ова беше уште едно успешно предавање во серијата одржани досега. Професорот Јох предаваше за Научените лекции од пост-комунизмот. Низ низа добро познати примери, професорот Јох направи одлична дистинкција и елаборација на комунизмот и сите составни делови од тој систем. Професорот Јох преку интерактивното предавање и низата примери доста познати на студентите го претвори часот во успешна дебата и дискусија во однос на темата.

Професор Јох има огромно искуство како професор, своите студии ги завршил на Чарлс Факултетот во Прага. Професорот Роман Јох ќе обезбеди скапоцено искуство од неговите досегашни предавања и од неговата досегашна пракса на ова поле. Д-р Роман Јох на Универзитетот во Прага предава на теми фокусирани на политичка филозофија, меѓународни односи, меѓународна политичка економија и прашања за националната безбедност. Покрај предавањата професор Јох е и одличен критичар во однос на националнта бебедност. Д-р Јох е познат експерт кој има напишано голем број на научни студии, и колумни кои секојдневно се објавуваат во дневните весници во Чешка. Покрај ова Професор Јох е и автор на повеќе монографии и експертки студии.

Професор Роман Јох пристигна во Република Македонија на покана на Институтот за економски стратегии и меѓународни односи ОХРИД како почесен гостин – професор на Меѓународната образовна програма на Институтот ОХРИД имплементирана во Универзитетот Американ Колеџ.
Со своето присуство и предавање, професорот Јох им понуди на студентите уште една единствена можност, да научат нешто повеќе од аспект на меѓународната политичка економија.

Институтот ОХРИД ќе продолжи во оваа насока и во иднина како и досега ќе донесе познати професори од Европа и САД и заедно со Универзитетот Американ Колеџ ќе им понуди на студентите низа новости и знаења од меѓународната економија. Оваа можност нуди огромно животно искуство.

**Институт за економски стратегии и меѓународни односи - ОХРИД**
Димитрије Туцовиќ 24, Скопје, Македонија тел/факс +389 2 322 44 57
www.oi.org.mk; e-mail: info@oi.org.mk